**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број: 09-31/5
**27-29.11.2023** година
Богданци

| **СОУ „Богданци“ - Богданци** | |
|---|---|
| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 27-29.11.2023 |
| **Број на извештај:** | 8/11/2023 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Драган Бојмалиев |
| **Вид на училиштето:** | Средно училиште |
| **Основач на училиштето:** | Општина  Богданци |
| **Наставен јазик:** | Македонски наставен јазик |
| **Број на ученици:** | 329 |
| **Полова структура на ученици:** | 172 машки и 157 женски |
| **Број на наставници:** | 40 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Милица Ампова |
| **Директор на училиштето:** | Росица Шабанова |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 24-26.10.2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | ул.„Маршал Тито“ бб. Богданцци |
| **Телефон:** | 034 223-077 |
| **Факс:** | 034 223-077 |
| **e-mail:** | sou-bogdanci-bogdanci@schools.mk |
| **Оценка ИЕ** | 3.19 добро |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласнот сочленовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013 , 41/2014 и 33/2015 I 145/2015) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006)

# РЕЗИМЕ

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за Просветна инспекција во периодот од 27.11.2023 до 29.11.2023 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на СОУ „Богданци“ - Богданци.Посетени беа 31 наставник кои реализираат настава во училиштето, се одржаа планираните состаноци со директорот на училиштето, стручните соработници, Училишниот одбор, Советот на родители и Ученичката заедница. Се водеа разговори со фокус група на ученици и наставници, наставници-членови на стручни активи, членови на тим на изготвување на самоевалуацијата и админстративна служба.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговор со фокус групите, одржани состаноци со училишните органи и тела, посета на наставни часови, анализа од доставените прашалници за ученици, наставници, стручната служба и родители, како и од увидот во донесените и изготвените списи од извршеното самооценување, а во однос на сите седум подрачја тимот од државни просветни инспектори констатира дека севкупното работење на СОУ„Богданци“ Богданци е добар (3,19).

Од анкетата што беше спроведена со определен број на наставници, ученици и родители како и од разговорите водени со нив, најголемиот број наставници сметааат дека во училиштето постои добра поттикнувачка работна атмосфера и меѓусебна почит меѓу наставниот кадар, директорот и стручната служба, а самото училиште има соодветни просторни услови, опрема и нагледни средства, клима која поттикнува активно учество на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот.

Воспитно - образовната работа во СОУ „Богданци“ Богданци се реализира според наставните планови и програми за гимназиско образование и средно стручно образованиеи истите се во согласност со програмските документи изготвени од Бирото за развој на образование и Центарот за стручно образование и обука а одобрени од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

Изборните програми се застапени и во гимназиското и во стручното образование. Во средно стручно почнувајќи од трета година, а во гимназиското од втора година.

Училиштето разгледува мислења за наставните планови и програми и учебни помагала од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност на иницијатива на наставниците и родителите.

На ниво на училиште е формиран Училишен инклузивен тим од директор на училиште. Училиштето има интерна процедура за изготвување на индивидуални образовни планови за поголем број наставни програми со учество на стручната служба во училиштето.

Училиштето има координатор за учење преку работа кој го изготвува планот за УПР, програмата, склучува меморандуми со компании, соработува со локалната самоуправа, го анализира пазарот на трудот, соработува со Агенција за вработување на РС Македонија, ја организира целокупната практична настава, феријална практика и учење преку работа кај работодавач.

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за развој на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење. Учениците со помош и поддршка од училиштето и голем број од наставниците учествуваат во различни манифестации и на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво.

Училиштето има регистрирано училишен спортски клуб „Богданци“ Богданци , кој активно е вклучен во системите на натпревари кои ги организира федерацијата на

училишни спортови на Република Македонија (ракомет, мал фудбал, кошарка, одбојка, планинарење, шах, пинг- понг ).

Педагошко-психолошката служба изготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи, споредбени анализи, во кои се дадени детални податоци за постигањата на учениците според пол, етничка припадност, наставни предмети, образовни профили, државна матура, училишна матура, завршен испит, користејќи табели и графикони.

Училиштето има програма за идентификување на талентирани и надарени ученици. Преку додатна настава и воннаставните активности учениците постигнуваат значајни резултати на регионално, државно и меѓународно ниво.

Училиштето спроведува договорна политика за следење на хоризонтално и вертикално движење на учениците.Училиштето им овозможува на учениците премин од еден во друг образовен профил од иста или сродна струка и продолжување на образованието на повисоко ниво.Во последните три учебни години нема ученици кои ја повторувале годината.

Во училиштето има утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од стана на директорот и стручната служба. Училиштето обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од интегрираното образование и еколошките содржини во планирањата на наставниците.Сите наставници ја планираат редовната, додатната и дополнителната настава.. Кај поголем број наставници планирањата ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на наставата. Наставниците имаат изготвено планови за реализација на Програмата образование за животни вештини на класните часови. Во планирањата се интегрирани еко содржини и содржини од проектот за меѓуетничка интеграција во образованието на ниво на стручни активи. Најголем број од наставниците имаат планирања за слободни часови и проектни активности.

Поголем број од наставниците ја реализираат наставата применувајќи интерактивни наставни форми и методи, техники и расположливи нагледни средства што соодветствуваат на потребите, можностите на учениците и стиловите за учење кај учениците.

Практичната настава се организира и реализира во училиштето и во компаниите со кои е склучен меморандум за соработка. Во училиштето опремени се четири кабинети за практична настава за текстилната, градежната, здравствената и електро струката.

Најголем број од наставниците користат разновидни инструменти и методи за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците.Наставникот ги оценува постигањата на учениците со пречки во развојот согласно целите во ИОП-от во соработка со инклузивниот тим во училиштето.

Оценувањето на учениците се врши континуирано во текот на целата учебна година. Сите наставниците го водат и редовно го ажурираат електронскиот дневник до кој пристап имаат родителите. Во електонскиот дневник се внесуваат сите оцени на учениците (тримесечје, полугодишна, второ тримесечје и годишна оцена). Родителите на децата со посебни образовни потреби се запознаени со напредокот на ученикот предвиден во ИОП и со нивно учество се ревидираат целите што треба да се постигнат.

Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Учениците користат секогаш заштитна опрема при реализација на наставните содржини за стекнување практични вештини.

Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Просторот во ходниците и во училниците овозможува движење и инвентарот во училниците е соодветен на потребите на учениците.

Хигиената во училниците, ходниците и санитарните јазли е на високо ниво. Ходниците, скалите, подот и мебелот во училниците и останатиот училишен простор редовно се чистат, а тоалетите секогаш се чисти и дезинфицирани.

Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението вклучувајќи го и интелектуалниот, социјалениот и емоционалниот развој на секој ученик.

Училишната клима и односите помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето се на добро ниво.Раководниот орган и наставниците уживаат респект кај учениците и родителите и придонесуваат за целосна афирмација на училиштето.

Училиштето има Кодекс на однесување на учениците, наставниците, стручните соработници, родителите и другите вработени во кој се уредени правилата на меѓусебно однесување и почитување меѓу сите чинители во училишниот живот и истиот е усвоен од сите структури во училиштето низ демократска и транспарентна процедура.

Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и наставничкиот кадар се насочени кон креирање на поттинувачка атмосфера во училиштето, што е препознаено од најголемиот број ученици и родители.

Училиштето се грижи за постигањата на сите ученици.Училиштето има изградено систем на вредности и превзеема активности за промовирање на личните постигања на учениците во рамки на училиштето, во локална средина и пошироко во општината. Групните и поединечните постигања на учениците се промовираат на манифестацијата при одбележување на патрониот празник на училиштето (9.03.), преку локални медиуми, web-страната на училиштето, facebook страната на училиштето и издавање на училиштен билтен.Училиштето редовно ги афирмира еколошките постигнувања и редовно спроведува активности од еколошка природа за подигањ  на еколошката свест во училиштето и заедницата.

Училиштето презема активности во насока да ги поттикне родителите да се вклучат повеќе во подобрување на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа.

Советот на родители во рамките на своите законски обврски ги разгледува годишната програма, годишниот извештај, самоевалуацијата, развојниот план и понудите за изведување на ученички екскурзии. Родителите активно се вклучени во организирање на работилници, предавања, прослави, хуманитарни акции и други активности.

Училиштето активно е вклучено во животот на локалната заедница и соработката со локалната самоуправа и други установи на локално ниво е добра. Учествува во одбележувањето на значајни настани, манифестации, активности од еколошката програма организирани во рамките на општината.

Училиштето остварува партнерска соработка со субјекти од деловната заедница од локално и регионално ниво преку потпишување на меморандуми за соработка, потпишување на договори за реализирање на практичната настава и феријалната практика по поедини струки и занимања.

Воспитно-образовната дејност се реализира во пространа училишназграда. Училиштето и спорските терени се целосно оградени, а дворот е  естетски хортикултурно уреден со големи зелени  површини со вкупна површина од 3160 м2.

Хигиената во училиштето,  училишниот двор  и санитарните јазли се во доволен број според бројот на ученици, прописно поделени на машки и женски и хигиената во нив е на високо ниво.

Опременоста на училиштето со ИКТ опрема, наставни средства и други технички помагала е добра. Училиштето е обезбедно со ИКТ опрема во сите кабинети и училници со што нанаставничкиот кадар од теоретска и практична настава им се овозможува олеснување во планирање на наставата  како и успешна реализација на истата.

Училиштето има вработено наставници и стручни соработници за реализирање на воспитно-образовниот процес согласно Закон и норматив за наставен кадар. Раководниот орган и најголем број од наставниците се обучени за реализација на активности за меѓуетничка интеграција, антикорупција, екологија и постои практика секоја година да се врши дисеминација на базичната обука за нововработените наставници.

Стручната служба на училиштето педагогот и психологот им помагаат на наставниците во организирањето на наставата, следењето на напредокот на учениците, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и советодавно работат со учениците, родителите и наставниците.

Во училиштето има Програма за професионален развој на наставниците.Училиштето на основа на личните планови ги идентификува потребите на наставниците и изготвува програма за професионален развој. Училиштето води грижа за подеднакво вклучување на наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, вклучувајќи обуки за работа со ученици со посебни образовни потреби.

Управувањето, раководењето и финансиското работење во училиштето е во рамките на законските прописи. Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има донесено пишан документ-Финансиски план за 2023 г. бр. 05-321/1 од 05.12.2022 година за обезбедување на потребните средства за непречено финансиско работење на училиштето.

Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива, учествува во креирањето училишни политики за еколошка едукација и води политики во кои се афирмира на инклузивноста на училиштето, меѓуетничката интеграција и граѓански активизам.Работата на Училишниот одбор е добра.

Училиштето има Статут бр. 01-217/1 од 20.05 2019 година за кој има добиена согласност со Решение со број УП1 18-1434/2 од 27.06.2019 година од Министерство за образование и наука.

Раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените, нивниот придонес во тимската работа, донесува одговорни одлуки, има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, ги имплементира промените во образовниот систем, се фокусира на приоритетите идентификувани во развојниот план, редовно се самоевалуира.Директорот на училиштето го спроведува проектот за Гранд од Фондот за регионален предизвик, финансиран од WB 6 програмата со кој е потикната соработката помеѓу училиштето и бизнис секторот.Училиштето има изработено Самоевалуација дел.бр. 03-260/1 од 18.08.2022 година за учебните 2020/21 и 2021/22 години, во која се забележани јаките страни во работењето, но и слабите страни кои треба во иднина да се подобруват.

Програмата за развој на училиштето дел.бр.03-246/1 од 26.08.2020 година ги содржи јасно дефинираните приоритети од самоевалуација на училиштето во развојни цели, конкретни цели и активности за постигање на поставените цели во определена временска рамка. Со Програмата за развој и динамиката на реализација запознаени се родителите и учениците преку ученичката заедница.

Развојните цели се дефинирани во Годишната програма за работа на училиштето бр. 01-302/2 од 30.08.2023 година, усвоена со Решение број 08-1362/4 од 28.09.2023 од Советот на Општина Богданци.

Училиштето потребите за усовршување на наставниот кадар ги идентификува преку процедура на договарање на стручните активи, наставнички совет. Има подготвено акт-Програма за стручно усовршување на вработените која е во состав на Годишната програма за работа и остварувањето на програмата зависи од обемот на финансиски средства кои се обезбедуваат за таа намена.

Со финансискиот план од редовната сметка училиштето планира средства за оспособување и ставање во функција нагледни средства кои се нефункционални со што би го подобрил квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина.

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Средното општинско училиште „Богданци“ Богданци се наоѓа во централното градско подрачје на ул.„Маршал Тито“ бб. Богданци кое е инфраструктурно поврзано со асфалтирани локални патишта. СОУ„Богданци“ - Богданци е средно општинско училиште во чиј состав работат паралелки од гимназиско и средно стручно образование.

Почетоците на оваа воспитно-образовна институција во Богданци датираат од 1.09.1980 година кога за првпат во Богданци започнува да се реализира настава за средно образование преку истурени паралелки од гимназиско образование и средно угостителска струка во состав на СОУ„Јосиф ЈосиФовски“ Гевгелија во постоечката стара зграда на ООУ„Петар Мусев“ Богданци, лоцирана во урбана и хотрикултурно уредена средина во центарот на Богданци.

Како самостоен правен субјект СОУ „Богданци“ Богданци кој реализира воспитно-образовен процес од гимназиско и средно стручно образование ( текстилна струка) почнува од 9.03.2006 година по претходно добиена Одлука од Влада на Република Македонија и го добива името СОУ“Богданци“.

Воспитно-образовната дејност во училиштето се реализира во една училишна зграда која ги исполнува во целост условите за реализација на воспитно-образовната дејност. Училишната зграда е од цврста градба, со широки и осветлени ходници и голем хол. Зафаќа површина од 1988 м2 со простран училишен двор од 3160 м2. За реализација на воспитно-образовната работа училиштето располага со 14 кабинети, 8 училници, административни простории, спортска сала, надворешен спортски терен кој е модерно опремен за реализација на различни видови на спортови со вкупна површина 395 м2, хортикултурно уреден училишен парк со нова урбана опрема и на којшто е поставен летниковец, клупи и маси направени од бетон- препознатливи за една од струките кои ги нуди училиштето и со вкупна површина од 400 м2.

Во училиштето се реализираат наставни планови и програми за следниве профили: гимназиско образование со наставни планови и програни за трета и четврта година од подрачјата: природно-математичко подрачје и општествено- хуманистичко подрачје со комбинација А;сообраќајна струка/сектор: Сообраќај, транспорт и складирање - образовен профил: техничар за транспотр и шпедиција (4 степен); Здравствена струка/сектор: Здравство и социјална заштита - образовен профил: медицинска сестра ( 4 степен); Текстилно-кожарска струка/сектор: Текстил, кожа и слични производи - образовен профил: техничар за изработка на облека (4 степен); Градежно-геодетска струка/сектор: Градежништво и геодезија-образовен профил: градежен техничар ( 4 степен);

Електротехничка струка/сектор електротехника - образовни профили: електротехничар за компјутерска техника и автоматика и електротехничар – енергетичар ( 4 степен).

Наставата од гимназиско и средно стручно образование ја реализираат 40 наставници во 21 паралелка со вкупен број од 329 ученици кои според националниот состав се: македонци 309, срби6 , турци 9, албанци 4 и ром 1 ученик. Во стручната служба се вработени психолог, педагог, а во библиотека се ангажирани четири наставници кои дополнуваат часови во библиотека до отварување на полно работно бреме.

Училиштето има изготвено Годишна програма за учебната2023/2024 година која е усвоена од Советот на Општина Богданци дел.бр. 08-1362/4 од 28.09.2023 година.

Училиштето е основано со акт за основање бр. 07-452/4 од 9.06.2006 година донесен од Општинското собрание на Општина Богданци.

Со актите за верификација УП1 бр. 11-3728/3 од 4.06.2006 година е извршена верификација на гимназиското образование и средно стручно образование ( текстилна струка – како тригодишно стручно образование со образовен профил конфекционер).

Сообраќајната струка со образовен профил: техничар за транспотр и шпедиција/ сектор: Сообраќај, транспорт и складирање започнува да се реализира со изучување во од учебната 2009/2010 по претходно доставено барање до Министерство за образование и наука на Република Македонија и позитивно мислење од стана на МОН, со акт за верификација УПР13-0607 од 9.06.2020 година.

Тестилно-кожарската струка со образовен профил: техничар за изработка на облека четиригодишно образование/ сектор: Текстил , кожа и слични производи е верифицирана со Решение УП1 13-3091 од 9.06.2020 година од страна на Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија .

Здравствената струка со образовен профил: медицинска сестра/ сектор: Здравство и социјална заштита е верифицирана со Решение УПР 13-3092 од 9.06.2020 година од МОН.

Градежно-геодетска струка со образовен профил: градежен техничар/сектор: Градежништво и геодезија за техничко образование е верифицирана со Решение УП1 13-1045 од 5.04.2021 година од МОН.

Електро-техничка струка со образовен профил: електротехничар енергетичар/ сектор: Електротехника со зголемен број на часово по пракса ( дуална) е верифицирана со Решение УП1 13-3106 од 28.04.2023 година од МОН.

Електро-техничка струка со образовен профил електротехничар енергетичар / сектор: Електротехника е верифицирана со Решение УП1 13-3105 ОД 28.04.2023 година од МОН.

Електро-техничка струка со образовен профил електротехничар за комјутерска техника и автоматика/ сектор: Електротехника со зголемен број на часови по пракса ( дуална) е верифицирана со Решение УП1 13-3101 ОД 28.04.2023 година од МОН.

Електро- техничка струка со образовен профил електротехничар за комјутерска техника и автоматика / сектор: Електротехника , е верифицирана со Решение УП1 13-3102 ОД 28.04.2023 година од МОН.

Сообраќајната струка со образовен профил техничар за транспотр и шпедиција / сектор: Сообраќај, транспорт и складирање (дуална паралелка) е верифицирана со Решение УП1 13-3104 од 28.04.2023 година од МОН.

Здравствената струка со образовен профил медицинска сестра/сектор: Здравство и социјална заштита(дуална паралелка) е верифицирана со Решение УП1 13-3103 28.04.2023 година од МОН.

Од тековна состојба на правното лице, издадена од Централен регистар, субјектот е заведен како Средно општинско училиште „Богданци“- Богданци под бр.1- 70927-0-0-0 од 14. 07.2006 година со даночен број 4006006120507 и ЕМБС 6131620.

Училиштето има изготвено Статут со дел.бр. 01-217/1 од 20.05 2019 година за кој има согласност од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија со Решение УП1 18-1434 од 27.06.2019 година. Училиштето го има доставено Статутот до Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија со број 03- 256/1 од 19.06.2019 година.

Училиштето има согласност од Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија со бр. 12/6- 735/3 од 29.02.2016 год. на Правилникот на внатрешна организација на училиштето арх.бр. 01-396/1 од 04.09.2015 година и на Правилникот на систематизација на работни места со арх.бр. 01-369/2 од 04.09.2015 година.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1 Реализација на наставните планови и програми

Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука. Реализацијата на наставните планови и програми е во пропишаниот обем. Содржините во најголем број наставни програми овозможуваат постигање на целите за меѓуетничка интеграција во образованието и ги вклучуваат точките на акции од воспоставените еколошки стандарди за одржлив развој и еколошки теми. Во училиштето се реализираат наставни планови и програми за следниве профили:

- Гимназиско образование: со наставни планови и програми за трета и четврта година од подрачјата: природно-математичко подрачје и општествено-хуманистичко подрачје со комбинација А;
- Сообраќајна струка/сектор: сообраќај, транспорт и складирање - образовен профил техничар за транспотр и шпедиција (4 степен);
- Здравствена струка/сектор: здравство и социјална заштита - образовен профил медицинска сестра ( 4 степен);
- Текстилно-кожарска струка/сектор: текстил, кожа и слични производи – образовен профил техничар за изработка на облека (4 степен);
- Градежно-геодетска струка/сектор: градежништво и геодезија – образовен профил градежен техничар ( 4 степен);
- Електротехничка струка/сектор: електротехника со образовени профили: електротехничар за компјутерска техника и автоматика и електротехничар – енергетичар ( 4 степен).

Училиштето ги информира родителите за наставните планови и програми кои се реализираат на родителски состаноци на почетокот на учебната година, а учениците се запознаваат со целите на наставните планови и програми преку наставниците на почетокот на учебната година.

Изборните програми се застапени и во гимназиско и во стручно образование. Во средно стручно почнувајќи од трета година, а во гимназиското од втора година. Во втора година гимназиско образование секој ученик бира еден изборен предмет од листата на изборни предмети: информатичка технологија,латински јазик, елементарна алгебра и геометрија, говорење и пишување и етика.

Во трета година изборните предмети од гимназиското образование се групирани во две изборни подрачја: природно – математичко подрачје и општествено – хуманистичко подрачје со комбинација А, а изборот на изборните предмети се прави при уписот на учениците во прва година преку изборот на одредено подрачје.

Во средното стручно образование пред завршувањето на втора година, учениците се определуваат за наставни предмети од изборни модули кои ги изучуваат во трета и четврта година. Понудена е листа од изборни модули за секоја струка од кои секој модул е застапен со одреден број на предмети во трета и во четврта година.

Изборни модули кои ги нуди училиштето на учениците од сообраќајна струка: општо- образовен изборен модул, математика и хемија во трета година,математика и информатика во четврта година, психологија и култура во сообраќајот,безбедност во патниот сообраќај во трета година, сообраќајна култура во четврта година, современи технологии во сообраќајот (наставни предмети: транспорт и животна средина во трета година и интелигентни и транспортни системи во четврта година).

Изборни модули кои ги нуди училиштето на учениците од здравствена струка:медицинска етика и геронтологија, медицинска етика во трета година, геронтологијаво четврта година,општо- образовен модул (наставни предмети:биологија, хемија, физика и информатика во трета година и биологија , хемија и физика во четврта година), бизнис и претприемништво ( наставен предмет: бизнис и претприемништво во четврта година).

Изборни модули кои ги нуди училиштето на учениците од текстилно-кожарска струка:

Компјутерско конструирање на облека (наставен предмет: компјутерско конструирање на облека во трета и четврта година), општо образование (наставни предмети:математика и хемија во трета и четврта година);технолошки процеси на изработка на облека (наставен предмет: изработка на заштитна облека во четврта година), нега на облека (наставен предмет: нега на облека во четврта година).

Изборни модули кои ги нуди училиштето на учениците од градежно–геодетска струка:општо образовен модул (наставни предмети: математика во трета и четврта година), енергетска ефикасност и пожарна безбедност (наставен предмет: енергетска ефикасност и пожарна безбедност на објектите во трета и четврта година),Изработка на техничка документација (наставен предмет:планирање и менаџмент во градежништвото во трета и четврта година), применета восокоградба (наставен предмет:армиранобетонски конструкции во градежништвото во трета и четврта година),применета нискоградба (наставен предмет:сообраќајници во трета и четврта година), применета хидроградба( наставен предмет: применета хидроградба во трета и четврта година), бизнис и претприемништво (наставен предмет: бизнис и претприемништво во четврта година) и модул по потреба на работодавачите.

Во постапката за избор на изборни модули вклучени се и родителите и учениците.

Проектните активности претставуваат посебно подрачје во структурата на наставниот план на гимназиско образование за задоволување на индивидуалните интереси и желби на учениците во одделни области. Тие се реализираат од прва до четврта година не секогаш по слободен избор на ученикот и во зависност од можностите на училиштето. Иако проектните активности се по слободен избор на учениците сепак истите ги програмира училиштето, односно наставниците, а учеството и соработката на учениците во програмирањето е помало. Секој ученик мора да реализира една или две проектниактивности во зависност од фондот на часовите. Одговорниот наставник води посебна евиденција за реализацијата на проектните активности и прави извештај- досие за секој ученик. За секоја проектна активност ученикот изработува портфолио во кое се евидентира видот на проектната активност, времето и местото на нејзината реализација.
Во учебната 2023/2024 година проектните активности се планирани да се реализираат во текот на целата наставна годинина и тоа во двете пралелки од гимназиското образование. Учениците бираат по две проектни активности со по два часа или вкупно ќе бидат реализирани 70 часа од следниве области:активности од областа на музиката; странски јазици и урбана култура.

Слободните часови на училиштето се посебно подрачје во наставните планови за четиригодишно стручно образование. Со реформите во стручното образование се воведени и содржини програмирани од страна на училиштето кои имаат слична цел како и слободните часови на училиштето. Целта е да ги задоволат индивидуалните потреби на дел од учениците кои доброволно се определуваат за нив за стекнување, проширување и продлабочување на своите знаења, развивање на способности, вештини и изградување на сопствени ставови. Содржините програмирани од училиштето се застапени со 72 часа во прва, втора и трета година и со 66 часа во четврта година. Оваа учебна година во стручното образование се реализираат содржини програмирани од училиштето кај 19 паралелки од стручно образование каде што е планирано да бидат реализирани по 72 часа во секоја паралелка од прва до трета година и по 66 часа во четврта година од следниве области:

Здравствена струка: Култура на здраво живеење во прва,трета и четврта година и Планирање на кариера во втора година .

Сообраќајна струка :Култура на здраво живеење во прва година; Планирање на кариера во втора година;Урбана култура во трета година и Мир толеранција и заштита во четврта година.

Текстилно кожарска струка: Мир толеранција и заштита во прва и четврта година;Култура на здраво живеење во втора година и Урбана култура во трета година;

Градежништво и геодезија: Урбана култура во прва и трета година и Планирање на кариера во втора година.

Електро техничка струка: Култура на здраво жувеење во прва година и Планирање на кариера во втора година.

Практичната настава во училиштето се реализира паралелно со стручно теоретската настава и има за цел да ги оспособи учениците за извршување на определени работи и работни задачи: почитување и применување на правилата на однесување на работното место, примена на теоретското стручно образование во практиката, примена на приборот и разни технички средства и помагала и материјали. Практичната настава со учениците од втора, трета и четврта година од сообраќајна струка, здравствена струка, градежно геодетска струка, електротехничката струка, текстилно кожарската струка се изведува преку склучен меморандум за соработка со седум компании од Општина Богданци и соседните општини: Гевгелија, Валандово и Дојран. Секој ученик за време на летниот распуст реализира феријална пракса, додека програмата учење преку работа се реализира во компаниите со склучување на договор меѓу работодавачот, директорот на училиштето и родител/старател на ученикот. Секој ученик добива потврда за реализирана основна обука за безбедност и здравје при работа, добива дневник за учење преку работа кај работодавач каде се пополнуват сите активности и се врши евиденција за стекнатите компентенции. Оценувањето се врши врз основа на податоците од дневникот и истиот преставува континуиран процес.

Во рамките на редовната настава во училиштето вклучени се три ученика со наод и мислење односно категоризирани како ученици со посебни образовни потреби од страна на здравствени установи. Идентификувани се и пет ученика со проблеми и потешкотии во учењето од страна на стручната служба, предметните наставници и класните раководители. Стручната служба на училиштето во соработка со наставниците и родителите има изготвено план за тоа како ќе се одвива поддршката на учениците од страна на наставниците кај кои има инклузирано ученици со посебни образовни потреби по преходно добиена согласност од страна на родител/старател на ученик со посебни образовни потреби. На ниво на училиште е формиран Училишен инклузивен тим со Решение бр. 03-349/6 од 19.9.2023 год. од директор на училиште. Училиштето има интерна процедура за изготвување на индивидуални образовни планови за поголем број наставни програми со учество на стручната служба во училиштето.

Согласно наставниот план и програма, во училиштето планирана е и дополнителна и додатна настаава која кај поголем број наставници се реализира согласно изготвен распоред, план и динамика.Во училиштето се планира и реализира програмата Образование за животни вештини каде на класните часови час од прва до четврта годинасе спроведуваат активности, предавања и работилници со учениците,истата ја реализираат класните раководители со поддршка на стручната служба.

Програмата за „Интеграција на еколошката едукација во Македонскиот образовенсистем" е изготвена според насоките на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и поголем дел од наставниците имаат интегрирано еко-содржини во своите наставни предмети и истите ги реализираат. Носител на овие активности е Еко-одборот во кој се вклученинаставниците, стручните соработници иучениците кои заедно

помогнати од директорот видливо ги имплементирале планирањата на еко-содржините од деветте теми од екологијата.

Во училиштето се реализира програма од проектот Меѓуетничка интеграција во образованието од 2014 година. Партнер училиште на СОУ„Богданци“одБогданци е СОУ„Гостивар“ од Гостивар и соработката со партнер училиштето за време на ковид пандемијата и во во последните години не е на посакуваното ниво. Училиштето активно организира и реализира самостојни мултикултурни активности во рамки на редовната настава, воннаставните активности и работилници со ученици од различен етнички состав со поддршка од страна на психологот и наставникот по граѓанско образование. Поголем дел од наставниците ги интегрираат содржините од меѓуетничка интеграција во образованието во своите годишни програми, а вклученоста на родителите и претставниците од локалната самоуправа е на посакувано ниво.

## 1.2 Квалитет на наставните планови и програми

Училиштето разгледува мислења за наставните планови и програми и учебни помагала од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност на иницијатива на наставниците и родителите.

Учениците од стручното образование во текот на учебната година прават неколку посети на одделни јавни претпријатија и здравствени установи: „ЕВН-ПЕ Гевгелија, „Македонски пошти -АД Пошта на РС Македонија“, „Македонски железници“, „Општа болница Гевгелија“, „Здравен дом-Валандово“„Психијатриска болница-Негорци“, „Центар за социјална работа“-Гевгелија како и приватни компании и капацитети во општина Богданци и другите соседни општини како што се:„Алфа проект“, „Еуро –ИНГ“, „Бребо-еко текст“, „Џокер“, „Интера“, „Мансард“ и други со цел непоредно запознавање со можностите за нивно понатамошно кариерно и професионално орјентирање и оспособување за извршување на определени работни задачи во зависност од образовниот профил. Учениците кои реализираат наставен план и програма за паралелки со зголемен број часови по практично образование (дуално образование ), програмата учење преку работа кај работодавач се реализира од втора до четврта година со 4 часа во втора, 8 часа во трета и 10 часа во четврта година, додека во пралелки во кои се реализира наставата согласно примената на донесените наставни планови од 2019/2020 година програмата учење преку работа кај работодавач се реализира во 4 часа во трета и 6 часа во четврта година.

Влијанието на учениците, наставниците и родителите на наставните планови и програми е мало. Тие делумно влијаат врз начинот на реализација на наставните планови и програми со тоа што учествуваат во изборот на изборни предмети, во договорите за феријална практика, во договорите за екскурзии, посети на изложби.На квалитетот на организирањето и реализирањето на наставните програми негативно влијае недостигот на учебници во сите профили на стручното образование.

Училиштето на ниво на стручни активи, наставнички совет, разгледува мислења за наставните планови и програми, посебно за стручно образование, но нема се обратено до Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование со сугестии и барања за одредени промени во наставните планови и програми. Нивно видување е дека треба да се посвети многу поголем простор за практична настава. Училиштето прави

анализа на пазарот на трудот за можност за воведување на нови струки атрактивни за струките.

Училиштето има координатор за учење преку работа кој го изготвува планот за УПР, програмата, склучува меморандуми со компании, соработува со локалната самоуправа, го анализира пазарот на трудот, соработува со Агенција за вработување на РС Македонија, ја организира целокупната практична настава, феријална практика и учење преку работа кај работодавач. Во континуитет ги следи, документира резултатите од сите видови учење преку работа.

## 1.3 Вонннаставни активности

Училиштето планира и реализира разновидни вонннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка за нивен личен, кариерен и социјален развој, односно за развој на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење. Учениците се вклучуваат во изборот на вонннаставните активности според сопствен избор. Во планирањето на работата на вонннаставната активност постои добра соработка помеѓу учениците и одговорните наставници.

Учениците со помош и поддршка од училиштето и голем број од наставниците учествуваат во различни манифестации и на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво. Во последните три учебни година учествувано е и освоени се места од сите нивоа на натпревари: меѓународни натпревари по предметот: математика; државни натпревари по предметите: македонски јазик и литература, филозофија, спорт и спортски активности, музичка уметност, англиски јазик; регионални натпревари по предметите: англиски јазик, математика, физика, хемија, биологија, француски, музичка уметност, спорт и спортски активности, активности преку МАССУМ ( маркетиг план, интервју за работа на македонски и на англиски јазик , видео реклама, модна ревија, изработка на најдобар штанд, изработка на постер, изработка на фотофрафија, најдобар кошаркар и и учесник во пинг-понг). Учениците активно и континуирано учествуваат и на спортски натпревари, распишани конкурси на општинско, регионално и државно ниво.

Учениците работат на проекти и покренуваат иницијативи од еколошка природа и работи согласно еко-стандарди, но досега училиштето се нема стекнато со назив зелено училиште. Одбележувањето на важни еколошки датуми е честа пракса и е проследено со соодветни активности: Ден без автомобили, Ден на планетата Земја, акција за пошумување на непосредна околина на градот, многубројни едукации справување со електронски и електричен отпад, активности во рамки на програмата GLOBE, како и конкурси по повод подигање на свеста за здрава еколошка средина.

Училиштето во соработка со здравствени установи и стручни лица од областа на здравството, како и наставен кадар од училиштето организира работилници за подигање на свеста за правилен и здрав развој на младата личност преку конзумирање на органска здрава храна и подигање на свеста за улогата и значењето на планинарството и велосипедизмот како важна физичка активност за подобро здравје.

Заедницата на учениците на ниво на училиштето работи според планираните активности и задачи кои се однесуваат на целокупниот училишен живот. Работата на ученичката заедницана ниво на паралелка е на високо ниво, воспоставена е добра координација со заедницата на ниво на училиште, а сето тоа е потпомогнато од стручните соработници. Изготвена е програма за работа на Ученичката заедница со формирано претседателство.

Промовирањето на постигнатите резултати од ученичките натпревари и сите останати активности на учениците во училиштето, во локалната средина во државата и надвор од неа училиштето го прави преку: веб страна на училиштето и фејзбук профил, инстаграм профил на училиштето, веб-страната на општината, локални медиуми и национални медиуми и на заеднички родителски средби.

Училиштето планира реализација на ученички екскурзии како една од формите на вонаставна активност. Во Годишната програма за работа на училиштето опфатен е планот и содржините на училишните екскурзии и изготвена е Програма за екскурзии. Во програмата за екскурзии планирана е шестдневна завршна екскурзија во месец Јуни со ученици од трета година надвор од републиката. Планирани се еднодневни екскурзии во регионот и републиката. Постапката за изведување на повеќедневната екскурзија е водена согласно Правилникот за изведување екскурзии во средните училишта и од Советот на родители во училиштето.

Училиштето има регистрирано Училишен спортски клуб „Богданци“ Богданци,со Решение бр. 31520150000113 од 2.04.2015 г. од страна на Централен регистар на РС Македонија. Училишниот спортски клуб работи активно со своја Програма за работа и истиот е вклучен во системите на натпревари кои ги организира федерацијата на училишни спортови на Република Македонија (ракомет, мал фудбал, кошарка, одбојка, пинг-понг).

Во училиштето активно учество зазема организацијата на млади активисти-членови на Црвен крст при СОУ„Богданци“ во која директно учество имаат учениците. Во својата програма за работа предвидени се разновидни активности на учениците во соработка со Црвениот крст на општина Гевгелија: крводарителска акција, одбележување на Ден на здравјето, Светски ден на дијабетот, Зависности кај младите (предавање), вежба за давање на прва помош, работилница за меѓуврсничко насилство како и други активности при одбележување на значајни датуми во општината и државата.

# 2.ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1 Постигања на учениците

Училиштето прибира податоци и изготвува извештаи и анализи за постигањата на учениците и презема активности за нивно подобрување. Педагошко-психолошката служба изготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи, споредбени анализи во кои се дадени детални податоци за постигањата на учениците според пол, етничка припадност, наставни предмети, образовни профили, државна матура, училишна матура, завршен испит, користејќи табели и графикони. Училиштето изготвува споредбедни анализи за постигањата на учениците на тримесечја, полугодие и на крај на учебната година.Во извештаите се содржани показатели за постигањата на учениците со години station наназад, како и споредбена анализа за последните три учебни години. Од извештаите и анализите може да се констатира дека средниот успех на учениците во последните три учебни години е: за учебната 2020/2021 г. изнесува 3,97; за учебната 2021/2022 г.изнесува 4,02 и за учебната 2022/2023 година средниот успех е 4,07.

Наставата се изведува на македонски наставен јазик. Учениците од женската полова припадност споредбено со машката, постигнуваат подобар успех.

Училиштето прибира податоци и изготвува анализи при преминот од основно во задолжително средно образование. Приспособливоста на учениците при преминот од основно во средно образование е со одредени потешкоти, но училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците

Во учебната 2022/2023 години од вкупно 92 ученика, државна матура полагале и положиле 79 ученици, додека завршен испит полагале и положиле 13 ученици. За полагање на училишна матура немало пријавени ученици.

Во годишните извештаи за работењето на училиштето редовно се даваат препораки за подобрување на постигањата на учениците: редовно користење на активни форми и методи на работа и современи наставни средства и помагала, задолжително користење на компјутерите од страна на наставниците, почитување на индивидуалните потреби и можности на учениците и редовно применување на Правилникот за пофалби и награди на учениците. Препораките се конкретни по однос на квантитативно и квалитативно подобрување по наставни предмети и наставници и користењето на наставни методи и техники, нагледни средства и технички помагала.Во текот на наставната година училиштето превзема разни активности за подобрување на постигањата на учениците кои имаат по една и повеќе слаби оценки: советувања со учениците, советувања со родителите иредовна реализација на дополнителна настава за која учениците пројавуваат голем интерес.

Училиштето има пропишани приоди за идентификување на надарените ученици, учениците кои имаат тешкотии во учењето и учениците со посебни образовни потреби и изготвува посебни програми во состав на годишната програма за работа, планира конкретни активности и инструменти за следење на нивниот напредок.Поддршката на учениците што имаат тешкотии во учењето како и на надарените ученици се прави со соработка помеѓу стручната служба и наставниците. Наставниците, стручните соработници навремено ги идентификуваат учениците кои имаат потешкотии во учењето, надарените ученици, помагајќи им при учењето, поучувањето, социјализирањето и постигнувањето на подобри резултати. Соработката меѓу наставниците, родителите и учениците континуирано се реализира. Родителите навремено ги добиваат потребните информациии за работата, постигањата, напредокот на нивните деца.

Во последните три учебни години учениците на општински натпревари освоиле1 прво места, 5 втори места и 5 трети места; на регионални натпревари 5 први места, 8 втори места и 1 трето места; на државни натпревари 6 први места и 2 трети места; на меѓународно ниво освоиле 4 први места и 2 трети места. Позитивната, емоцоионална, социјална и искрена атмосфера ги поттикнува, охрабрува и вклучува во сите области на

училишните активности, промовирајќи еднакви можности за сите. Големото ниво на доверба и квалитетна повеќенасочна кумуникација помеѓу училиштето, наставниците и учениците, придонесуваат за добри постигања на учениците и надоградување на современата педагошка пракса.

Во текот на целата учебна година се реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето, а стручната служба секојдневно работи индивидуално со децата со попреченост кои покажуваат интерес со цел да постигаат значителни резултати во одделни области.За учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области се реализира додатната настава. Континуирано се негуваат индивидуалните потреби и повисоките постигања кај надарените ученици. Училиштето има тим за поддршка на надарените ученици. Дополнителна и додатна настава во училиштето се реализира според месечни распореди кои редовно се истакнуваат на огласна табла во училиштето. Учениците и родителите се задоволни од поддршката на учениците која им ја обезбедува училиштето преку дополнителната и додатната настава.Најголем број наставници во училиштето редовно ги реализираат часовите од дополнителна и додатна настава.

Училиштето спроведува договорна политика за следење на хоризонтално и вертикално движење на учениците Училиштето им овозможува на учениците премин од еден во друг образовен профил од иста или сродна струка и продолжување на образованието на повисоко ниво.

Воучилиштето наставата се одвива на македонски јазик и најмногубројни се македонците и тоа: во учебната 2023/24 година запишани се 329 ученика од кои 309 ученици сеод македонска националност 309, 9 ученика се од турска националност; 6 ученика од српска националност; 4 ученика се од албанска националност и 1 ученик е од ромска националност.Изминатите учебни години бројната состојба на учениците во оваа училиште е непроменета. Училиштето овозможува соработка со другi училишта со различни националности, како би разменувале позитивни практики и би биле промотори на мирот, соживотот, меѓусебното запознавање и почитување на културното наследство и традиција. За остваруање на овие цели од особено значење е вклученоста на училиштето во одредени проекти како „Проект за меѓуетничка интеграција во образованието" и проекти од „Програма ЕРАЗМУС ПЛУС".

## 2.2. Задржување, осипување на учениците

Училиштето обезбедува услови за запишување во прва година на сите ученици кои ги исполнуваат условите определени со конкурсот како и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби.Училиштето има изградено политика на опфат на ученици, при што презема различни активности, како на пример посета и презентација на училиштето во основните училишта со флаери кои содржат информации за училиштето, соодветна кампања преку локалните медиуми, изготвување на видео клип за училиштето. Училиштето квартално ги ажурира податоците за запишаните ученици.

Училиштето систематски и континуирано ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од настава и превзема конкретни активности за подобрување на состојбата со редовноста на учениците во наставата и континуирано соработува со родителите. Во учебната 2020/2021 година просечниот број на изостаноци изнесува 7,6 по ученик од кои 6,3 се оправдани изостаноци по ученик , а 1,3 се неоправдани изостаноци по ученик. Во учебната 2021/202 година просечниот број на изостаноци изнесува 18,2по ученик од кои 14,9 се оправдани изостаноци по ученик, а 3,3се неоправдани изостаноци по ученик. Во учебната 2022/2023 година просечниот број

на изостаноци изнесува 17,5 по ученик од кои 14,1 се оправдани изостаноци по ученик, а 3,4 се неоправдани изостаноци по ученик.

Податоците од споредбената анализа во извештајот учебна 2020/2021 година покажуваат дека најголем број од учениците се со примерно поведение и од вкупно 289 ученика, 281 се со примерно поведение 8 ученика се со намалено поведение. Во учебната 2021/2022 година од вкупно 298 ученици, 266 ученика се со примерно поведение, а 32 ученика се со намалено поведение. Во учебната 2022/23 година од вкупно 333 ученика , 22 ученика се со намалено поведение, а 308 се со примерно поведение.

Училиштето прави конкретни анализи по категории на изостаноците и презема ефикасни мерки за надминување на оваа состојба. Училиштето, стручната служба редовно реализира советувањата на родителите и за истите се води уредна евиденција, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците.Постапката за советување на родители се спроведува во согласност со Програмата за советување на родители на ученици во средните училишта и согласно Законот за средно образование. Советувањата на родителите и учениците ги реализира психологот за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците. Во учебната 2020/2021 година остварени се вкупно 37индивидуални советувања за родители по основ на намален успех и нередовно посетување на настава од страна на учениците, во учебната 2021/2022 година остварени се вкупно 60 индивидуални советувања за родители по основ на намален успех, нередовно посетување настава од страна на учениците и во учебната 2022/2023 година одржани се вкупно 59 индивидуални советувања на родители по основ на намален успех и нередовно посетување на настава од страна на ученици.

Во учебната 2020/2021 година четири ученици биле упатени на полагање со една слаби, додека нема ученици упатени на класен испит. Во учебната 2021/2022 година 10 ученика биле упатени на полагање со една или две слаби, а еден ученик бил упатен да полага класен испит, додека во учебната 2022/2023 година 11 ученика биле упатени на полагање со една или две слаби, а 2 ученика биле упатени на класен испит.

Училиштето го следи и осипувањето на учениците. Осипувањето е присутно кај учениците поради иселување во странство. Се преземаат активности од страна на стручната служба и класните раководители за воочување на причините за осипување и можностите за останување во училиштето, преку индивидуални разговори со родителите и самите ученици.

Училиштето ја почитува постапката при премин од едно училиште во друго.

### 2.3 Повторување на учениците

Во училиштето редовно и во континуитет се детектираат причините и навремено се превземаат мерки за подобрување на состојбата/успехот кај учениците. Во изминатите три учебни години во училиштето нема ученици кои ја повторувале годината.Училиштето навремено ги запознава учениците и родителите навремено со првото за поднесување жалба до Наставнички совет доколку постои незадоволство од оценки на крајот од учебната година, како и при задржување во истото одделение/ повторување на учебната година согласно Законот за средно образование и Статутот на училиштето. Во последните три години нема родител/ старател кој го искористил правото на жалба.

# 3.УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1 Планирање на наставниците

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручната служба. Тимот за меѓуетничка интеграција обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од образованието за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост во планирањата на наставниците. Инклузивниот тим обезбедува поддршка при изработка на индивидуални образовни планови за учениците со посебни образовни потреби, негува успешна и плодна соработка со специјаните едукатори и рехабилитатори од основните училишта од општините од каде што доаѓаат учениците со посебни образовни потреби и го продолжуваат средното образование, но не оставрува соработка со Ресурсни центри (посебни училишта) за обезбедување на поддршка за изработка на индивидуални образовни планови.Најмногу еднаш во едно полугодие се следат планирањата на наставниците. Најголем број од наставниците планиранираат активности за реализација на содржини од меѓуетничка интеграција, екологија, здравје и општо корисна работа.

Сите наставници ја планираат редовната, додатната, дополнителната настава и воннаставните активности. Имаат изготвени и доставени годишни и тематски процесни планирања кај стручната служба. Наставниците изготвуваат дневни подготовки за час и кај голем број наставници подготовките ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот. Класните раководители на паралелките имаат изготвено планирање за реализација на програмата Образование за животни вештини за одделенски час, каде се реализираат активности, предавања и работилници со учениците. Годишните и тематските планирањата на наставниците се следат на почетокот на учебната година од страна на стручната служба, кој има изготвено инструмент за следење на квалитетот на планирањата со јасни критериуми за квалитет на планирањата. За евентуалните пропусти, наставниците се известуваат, а пропустите кај најголем број наставници се отстрануваат. Целите на наставата и начинот на оценување се јасни и голем број од наставниците ги користат информациите од

оценувањето за да ги идентификуваат потребите на учениците и да ги планираат следните чекори во учењето.

Наставниците разменуваат искуства и идеи на ниво на стручни активи, и соработуваат со колеги од други училишта. Изготвуваат програми и извештаи за работата на стручните активи во училиштето, а за состаноците се водат записници.

Распоредот на часови е изработен согласно наставниот план. Училиштето навремено изработува распоред за додатна и дополнителна настава, слободни часови/проектни активности и истиот се реализира според предвидената динамика при што во голем број се води сметка за расположливите ресурси и наставници кои дополнуваат часови во други училишта.

## 3.2 Наставен процес

Поголем број од наставниците ја реализираат наставата применувајќи интерактивни наставни форми и методи, техники и расположливи нагледни средства што соодветствуваат на потребите, можностите на учениците и стиловите за учење кај учениците. Наставниците работат со учениците индивидуално, во група или со целата паралелка.

Најголем број наставници се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата и истите ги применуваат.Поголем број наставници во планирањата имаат планирано реализација на наставни единици со примена на ИКТ и користење на линк и е-содржини.

Задачите што се работат во училиште или дома од поголем број наставници се планирани во планирањата. Изборот на задачи и активности за време на часот е со различно ниво на сложеност и кај поголем број од наставниците е прилагоден на индивидуалните образовни потреби на учениците. Сите наставници користат одобрени учебници, дополнителна литература, податоци од интернет и расположливи ресурси, иако по стручните предмети во средното стручно образование немаат учебници, наставниците редовно користат дополнителна прирачна литература, други ресурси и на учениците им обезбедуваат дидактички материјали со што на учениците им се овозможува да работат и напредуваат според сопствените можности.

Наставниците секогаш ги запознаваат учениците со целите на учењето и очекуваните исходи. Поголем број наставници наставата ја реализираат со различни интерактивни методи и сите ученици се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата. Поголем број наставници успеваат да создадат активна и динамична работна атмосфера и градат доверба меѓу ученикот и наставникот.

Најголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување и разбирање, помош, соработка и доверба без да прават разлика меѓу учениците според пол, социјално потекло, етничка припадност и не манифестираат полови, етнички, социјални, религиски и други стереотипи во комуникација со учениците.

Училиштето има пропишана процедура за следење на наставниот процес согласно програмите за работа на директорот и стручната служба. Најмалку еднаш во полугодие се врши посета на часови кај секој наставник. По посетата на час се разговара со наставниците и забелешките се користат за подобрување на наставниот процес.

Практичната настава се организира и реализира во училиштето и во компаниите со кои е склучен меморандум за соработка и истата се реализира според наставниот план и програма. Феријалната пракса се реализира според насоки изработени од Центарот за средно стручно образование и обука. Во училиштето опремени се четири кабинети за практична настава за текстилната, градежната, здравствената и електро струката. За

реализација на практичната настава за сообраќајната струка склучени се меморандуми за соработка со транспортни и шпедициски компании од Богрданци, Гевгелија, Дојран и Валандово.

### 3.2 Искуства на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна и хармонична, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина што поттикнува интерес за учење. Заедничкиот училишен простор е естетски уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини во него ја отсликува целокупната работа на училиштето по подрачја и теми. Континуирано се уредуваат паноата во ходниците со изработки од учениците. Училиштето редовно им обезбедува различни материјали при изработката на летоци, изложбени паноа и постери. Секој ученик има можност да да има изложен труд .

Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот и за активно учество во граѓанско, демократско и мултикултурно општество. Учениците со задоволство учествуваат во активностите за време на часот, но учениците прават разлика помеѓу одделни наставни предмети, односно пристапи на наставниците во изведувањето на наставата. За време на часот поголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и изведуваат заклучоци за она што го учат и поголемиот дел од учениците учествуваат во активностите за време на часот. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици.Учениците имаат можност да го искажат сопственото мислење притоа почитувајќи го мислењето на другите. Нивното мислење се зема во предвид при решавањето на проблеми и одлучувањето.

Членовите на Училишната заедница сметаат дека имаат можност да го кажат своето мислење и нивното мислење или предлог се зема во предвид при решавањето на одредени проблеми и одлучувањето. Досега учениците со свои идеи и предлози поттикнале иницијатива за подобрување на условите за настава, наставен процес, се иницираат едукативни предавања. Според нив училиштето низ организирани форми поттикнува, негува интеркултурана комуникација, мотивира и остварува соработка меѓу учениците, вработените, локалната заедница. Училиштето им овозможува на учениците низ организирани форми да иницираат активности и преземаат одговорност во и надвор од наставата во групи со хетероген состав.

Согласно наставните планови и програми училиштето на сите ученици им обезбедува реализација на феријалната практика и учење преку работа во реални работни услови кај работодавач.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручната служба препознавањето на образовните потреби и тешкотии во процесот на учење кајучениците го вршат систематски и притоа се преземаат активности за исполнување на потребите или отстранување на пречките. Со цел задоволување на образовните потреби на учениците поголем број наставници се организираат додатна настава за учениците кои покажуваат посебен интерес кон одреден наставен предмет и дополнителна настава за учениците кои имаат потешкотии во совладувањето на одреден предмет, а училиштето им овозможува услови (бесплатен превоз) реализација на дополнителна настава и воннаставни активности по завршувањето на часовите од редовната настава.

Посебен акцент се става на образовните иницијативи и современото образование за да можат младите да се вклучат во европскиот пазар на труд и да можат успешно да се носат со идните предизвици што ги очекуваат.

Образовните потреби на учениците се идентификуваат преку пријава за упис во училиштето и спроведената анкета за избор на подрачје и изборни предмети, како и анкетирање за избор на проектни активности и други слободни активности поврзани со индивидуалните способности на учениците. Има пишана процедура за идентификување и работа со ученици со посебни образовни потреби. Три ученика се категоризирани како ученици со попреченост и пет ученика се со потешкотии во учењето.Поголем број од наставниците во соработка со стручните соработници и инклузивниот тим во процесот на поучување користат различни интерактивни техники со што им даваат можност на учениците со различни способности да постигнат оптимален личен развој. Посебно внимание се посветува при изборот на подрачје во втора година за учениците од гимназиските паралелки со тоа што се информираат учениците за видот на изборните подрачја, проодноста на подрачјата кон високообразовните институции и насочување на учениците кон подрачјето соодветно на нивните интереси и постигнатиот успех по одредени предмети.

Програмата за кариерно советување и професионална ориентација на учениците се реализира во рамките на Програмата за кариерно и професионално насочување каде што учениците се едуцираат и насочуваат за избор на идна професија и за можностите со продолжување на нивно идно образование. Програмата за кариерно советување се применува со учениците од втора до четврта година со соодветна процедура за нејзина примена.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците се обучени за примена на стандарди во оценувањето за секој наставен предмет и според сопствен план на оценување. Наставниците градат соодветен критериум за оценување соодветно на разликите во способностите на учениците кој е образложен и јасен за сите ученици и родители.

Најголем број од наставниците користат разновидни инструменти и методи за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.). Наставникот ги оценува постигањата на учениците со пречки во развојот согласно целите во ИОП-от во соработка со инклузивниот тим во училиштето. Оценувањето им помага на учениците да ги подобрат постигањата.

Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и спроведувањето на наставата. Сите наставници водат интерна евиденција за присутноста, активноста на часовите, прават збирка на ученички изработки-портфолија. Најголем дел од наставниците редовно им даваат усна повратна информација на учениците за нивната работа, дискутираат и им даваат насоки за подобрување на постигањата. Наставниците доволно ги користат информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

Оценувањето на учениците се врши континуирано во текот на целата учебна година. Сите ученици се оценуваат најмалку со две оценки на полугодие, а родителите се

известуваат за успехот преку евидентните листови на тримесечја и полугодие и свидетелства на крајот на учебната година.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата на секој ученик посебно. За таа цел се користат организирани родителски средби, формални и неформални средби, групни средби (за пренесување на информациите за паралелката во целина), индивидуални средби (за пренесување информации за конкретен ученик) со родителите како и отворени денови во училиштето. Родителите добиваат информации за постигнувањата на учениците на ниво на паралелка како и пишани информации за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет (евидентни листови). Сите наставниците го водат и редовно го ажурираат електронскиот дневник до кој пристап имаат родителите. Во електонскиот дневник се внесуваат сите оцени на учениците (тримесечје, полугодишна, второ тримесечје и годишна оцена). Родителите на децата со посебни образовни потреби се запознаени со напредокот на ученикот предвиден во ИОП и со нивно учество се ревидираат целите што треба да се постигнат. За сите податоци за оценувањето на ученикот во е-дневникот увид има секој родител кој информација добива преку меил или со добивање на смс пораки.

## 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 4.1 Севкупна грижа за учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има пропишано мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор и истите се реализираат според планираното. Учениците се чувствуваат безбедни надвор од училиштето од сообраќаен аспект и од било какви други форми на насилство.Наставата во училиштето се изведува во пространи и осветлени училници соодветни на училишните стандарди. Инфраструктурата во училиштрето (мебелот, скалите, подовите, прозорците, струјните места) е безбедна и не претставува потенцијална опасност од повреда на учениците. Сите потенцијално опасни места во училиштето што не може да се избегнат се обезбедени и учениците се свесни за нивното присуство и информирани за можните опасности. Училишниот двор е ограден има со патеки за движење до училиштето, спортската сала и спортските терени,

паркинг простор и естетски хортикултурно уредена зелена површина.Во училиштето има четири вработени кои се обучени за давање прва помош на учениците и вработените при несреќни случаи. Медицински материјал за давање на прва помош има во доволни количини и во случај на повреда на ученик истите се поставени во административните простории**.**Училиштето има План за заштита и спасување од елементарни непогоди и други несреќи како и Мислење од Дирекција за заштита и спасување. Последна вежба за напуштање на училишната зграда при симулација на елементарна непогода-пожар во училиштето е спроведена на 8.06.2023 година. Во училиштето на видно место е поставена Шема за евакуација во случај на пожар и други елементарни непогоди и означен е правецот на движење на учениците и вработените.Училиштето врши редовно контролно испитување и одржување на хидрантите и ПП апаратите за кои ги поседува потребните потврди.

За време на одморите се организираат дежурства по ходниците од страна на наставниците по утврден распоред кој во целост се почитува.

Училишната зграда е осигурана преку осигурителната компанија „Еуролинк АД Скопје**“,**ИКТ опремата не е осигурана, додека вработените и учениците се осигурани преку осигурителна компанија „Триглав осигурување“ Скопје. При изборот на осигурителна компанија за осигурување на учениците вклучени се родителите.

Училиштето има донесено пишани документи: Куќен ред и Кодекси за однесувањето на наставниците, директорот, стручните соработници, учениците, административно-техничкиот персонал и родителите. Документите се достапни за сите и поставени на видно место  во ходниците и училмиците. За учениците има пишана процедура за постапување во случај на кршење на правилата.Училиштето има програми во кои се дефинирани улогите и одговорностите во случај на насилство. Со годишната програма на стручните  соработници се планираат активности, предавања, работилници и изработки на изложбени паноа со пораки за видовите на насилство.Во училиштето се санкционира секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците и се применуваат механизми за постапување и справување со појавата на различни облици на насилство. Најголем број од вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето. Училиштето навремено и ефикасно преку разговори и советувања се справува со појавите на насилство манифестирани од страна на учениците. Училиштето има донесено Програма за превенција  и намалување на насилството во училиштето. Од страна настручните соработници и наставникот по граѓанско образобвание со учениците се организираат превентивни работилници на тема:„Справување со  насилничко однесување“ и „Разрешување конфликти“. Стручните соработници имаат изработено прашалник за ученици и спроведуваат анкета со учениците, се со цел да ги испитаат мислењата во однос на присуството на насилството во училиштето како и прашалници за поттикнување на позитивни емоции меѓу учениците. Во училиштето досега не се евидентирани посериозни форми на насилно однесување помеѓу учениците и вработените. Учениците кои ги нарушуваат правилата на однесување согласно Правилникот за изрекување на педагошки мерки и Законот за средно образование им се изрекуваат педагошки мерки. Учениците, родителите и наставниците сметаат дека училиштето е инклузивна, безбедна, мотивирачка средина за учење, стекнување позитивни навики за градење на здрава личност и работа.

Училиштето води политика за заштита од зависности - пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанции, што подразбира дека во училиштето (училниците, канцелариите, тоалетите) не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба, не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции. Секоја учебна година од страна на стручните соработници се организираат превентивни работилници и изработуваат презентации  во кои се

опфатени теми за алкохолизмот, младите и семејството кои се доставуваат до учениците и родителите. Теми за заштита од зависности се обработуваат на класниот час преку програмата Образование за животни вештини. Во соработка со Секторот за превенција при МВР-Гевгелија во училиштето се реализираат едукативни предавања за заштита од болестите на зависност-никотин, дрога и алкохол. Со годишната програма за работа на училиштето се планираат и се реализираат предавања и работилници со ученичката заедница за заштита од болестите на зависност и редовно се изработуваат изложбени паноа со пораки.

Во училиштето нема организирана исхрана за учениците. Учениците храната ја обезбедуваат од дома и од околните продавници. Училиштето обезбедува увид во квалитетот на храната што им се нуди на учениците во продавниците за храна во својата непосредна околина.

Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Просторот во ходниците и во училниците овозможува движење и инвентарот во училниците е соодветен на потребите на учениците. Пристапот во централното училиште е прилагоден за лица со физички хендикеп, изградена е пристапна рампа до училиштето, ноучилиштето не располага со прилагоден тоалет за ученици со физичка попреченост. Во училиштето еден ученик е со телесни пречки во развојот.

Учениците со потешкотии во развојот се идентификуваат уште при запишување во прва година средно образование. Инклузивниот тим на училиштето/ученикот ја усогласува програмата според индивидуалните потреби на ученикот. Училиштето соработува со родителите, негува успешна и плодна соработка со специјалните едукатори и рехабилитатори од основните училишта од општините од каде што доаѓаат учениците со посебни образовни потреби и го продолжуваат средното и другите релевантни институции и организации во обезбедувањето грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост и ги поттикнува соучениците во давање помош и грижа за овие ученици. Родителите редовно добиваат повратна информација за состојбата на нивното дете. Учениците со потешкотии во развојот се следат од страна на стручните соработници и наставниците и ним им се дава целосна поддршка во процесот на учење, но очигледна е потребата од стручно лице образовен асистент .

Училиштето има пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците кои поради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во воннаставните активности што бараат вложување дополнителни средства. Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици што потекнуваат од социјално загрозени семејства. За таа целучилиштето во соработка со родителите, локалната заедница, деловната заедница иЦрвениот крст од Богданци и од Гевгелија, организира собирни акции за обезбедување храна и облека, средства за хигиена и училишен прибор за ученици од социјално загрозени семејства.

## 4.2. Здравје

Хигиената во училниците, ходниците и санитарните јазли е на високо ниво. Ходниците, скалите, подот и мебелот во училниците и останатиот училишен простор редовно се чистат, а тоалетите секогаш се чисти и дезинфицирани. Дворот во училиштето е чист и естетски хортикултурно уреден со големи зелени површини кои редовно се одржуваат. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци и меѓу учениците постои голема самосвест за одржување на чиста и здрава околина. Во одржување на хигиената во училиштето придонесуваат и дежурните

ученици и наставници кои ги насочуваат учениците отпадот да го фрлаат во корпите за отпадоци. На одделенскиот час преку програмата Образование за животни вештини се обработуваат теми за влијанието и придобивките на чистата животна средина врз здравјето на човекот и безбедноста на човекот.

Училиштето редовно врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД) на сите простории во централното, подрачните училишта и во подрумските простории. Училиштето има Програма за превенција од заразни болести. Во учебната 2023/2024 година дезинфекција, дезинсекција и дератизација е извршена на 22.09.2023 година.

Сите вработени редовно вршат систематски и санитарни прегледи согласно законските прописи. Училиштето редовно соработува со здравствените установи за навремено и редовно спроведување на систематските прегледи на учениците и редовно вакцинирање. Во случаи на појава на грип и други заразни болести, училиштето редовно соработува со надлежни институции и ги следи насоките дадени од нив.

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето е Програмата за заштита од заразни болести. Во училиштето се вршат редовни предавања за здрав развој, здрава храна, хронични болести, болести на зависност и други содржини од страна на стрчни лица стручни соработници и одделенски наставници, како и преку наставни содржини планирани во редовната настава.Во рамките на училиштето, во соработка со Црвениот крст- Гевгелија, Сектор за превенција при МВР Гевгелија, Црвен крст-Богданци и стручната служба биле организирани предавања, работилници на тема: „Болести на зависности- никотин, дрога, алкохол“ по повод „Светскиот ден на детето“, едукативно предавање по повод „Светскиот ден на храната“, предавање на тема: „Превенција и заштита од Ковид 19“, како предавање „Унапредување на менталното здравје“.

Училиштето има договорени процедури за грижа за учениците кои заради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката на иницијатива на одделенските раководители или предметниот наставник, во соработка со родителите и/или другите релевантни институции.

За учениците со емоционални проблеми води грижа стручната служба. Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми без оглед на изворот (семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест или смрт во семејството, постконфликтни трауми).. Стручната служба работи согласно програма за откривање и грижа за учениците со емоционални потешкотии со која се предвидуваат едукативни и советодавни раговори со учениците, нивните родители и наставниците како и активности за идентификување и грижа за тие ученици. Стручната служба е обучена да им помогне на учениците и родителите во вакви ситуации или да ги упати до надлежните установи, центрар за социјална работа, полицијата и тн.

### 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштетоорганизира активности на учениците при изборот на занимањето и професијата за нивно понатамошно образованиено истите треба да бидат навремени. Училиштето обезбедува точни и јасни информации за можностите за понатамошно образование. Училиштето, овозможува високо образовните установи да вршат презентација и користи промотивни материјали од образовните институции. На секој ученик му се дава препорака за неговото понатамошно образование.

Подготовката на учениците за избор на нивно понатамошно образование, доусовршување или вработување по завршувањето на средното образование училиштето ја прави преку:работилници за професионална ориентација, самооценување

на вештините и интересите на учениците, помош во изработката на кратка биографија, подготовка за интервјуа за работа, редовно информирање на родителите и учениците за помошта што може да ја добијат во училиштето.

Со учениците од четврта година се спроведува анкети за утврдување на професионалните интереси и способности на учениците.Училиштето редовно ги информира учениците за термините и условите за запишување во високото образование.

### 4.4. Следење на напредокот

Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението вклучувајќи го и интелектуалниот, социјалениот и емоционалниот развој на секој ученик. Во евиденцијата се внесени податоци за напредокот на учениците што се добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците. Постои добра соработка меѓу раководниот кадар, наставниците, родителите и стручната служба за постигањата на учениците.

Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи по квартали за својата паралелка врз основа на индивидуална евиденција за учениците. Редовно се анализира успехот на паралелката, а статистичките податоци се внесуваат во годишните и полугодишните извештаи за работата на училиштето.Подготвените извештаи и анализи по паралелки се доставуваат до стручните соработници и до раководниот кадар на понатамошна обработка и се целосно достапни за сите други наставници, учениците се информираат на одделенскиот час, а родителите на родителски средби и Совет на родители. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес.

Постигањата и напредокот на учениците родителите имаат можност да ги следат и преку е-дневник.

# 5.УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето е препознатливо според постигнувањата на учениците, грижата на воспитно-образовниот кадар за безбедноста и сигурноста на учениците и добар квалитет на работење. Училиштето е инклузивно училиште, безбедно во внатрешниот простор и се води грижа за здравјето на сите ученици, ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција и поттикнува активно учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Училишната клима и односите помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето се надобро ниво. Наставниците уживаат респект кај учениците и родителите и придонесуваат за целосна афирмација на училиштето. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи меѓу најголем број наставници. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, горди се што се дел од училиштето и се грижат за неговиот углед. Раководниот орган и стручните соработници имаат важна улога во одржувањето на добрата атмосферата во училиштето, остваруваат добра соработка со учениците, наставниците и родителите.

Училиштето има Кодекс на однесување на учениците, наставниците, стручните соработници, родителите и другите вработени во кој се уредени правилата на меѓусебно однесување и почитување меѓу сите чинители во училишниот живот и истиот е усвоен од сите структури во училиштето низ деморатска и транспарентна процедура.Училиштето има пишана процедура во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексоти таквите процедури ги спроведува во практика преку советување на учениците, родителите и дисциплинска постапка за наставникот.

Во училиштето е донесен Куќен ред кој е поставен на видно место во училиштето и истиот се почитува од сите чинители на воспитно-образовниот процес. Училиштето има донесено Правилник за надомест на штета врз компјутерска опрема, но досега нема евидентирано направена штета врз компјутерската опрема од страна на учениците.

Училиштето промовира и практикува взаемно почитување помеѓу вработените, учениците и родителите. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и наставничкиот кадар се насочени кон креирање на поттинувачка атмосфера во училиштето, што е препознаено од најголемиот број ученици и родители. Наставниците, стручните соработници и раководниот орган ги упатуваат учениците да се грижат едни за други и за училиштето.Сите ученици (без оглед на полот, етничката припадност, верата и потеклото) се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето.

Учениците и вработените ги почитуваат усвоените правила на однесување на училиштето. Од посетата на часовите како и од разговорите со учениците се гледа дека постои добра работна атмосфера за време на наставата и вонннаставните активности. Раководниот и воспитно-образовниот кадар постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на наставата при приемот и и при заминување на учениците од училиштето. За време на одморите по ходниците дежурат наставниците по предходно изготвен распоред за дежурства. Најголем број ученици се совесни, учтиво се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар. Учениците ги препознават најголемиот број вработени како позитивен пример.Училиштето систематски ја следи редовноста и отсуствувањето на учениците по паралелки, наставен предмет и пол, ги анализира причините за отсуствата од наставата и превзема конкретни активности за отстранување на истите.Советувањето на родителите и учениците од страна на

стручната служба се реализира редовно и систематски во доволна мера. Вкупниот број на оправдани и неоправдани изостаноци оправдани е во благподем во последните години. Училиштето соодветно го применува Правилникот за изрекување педагошки мерки во случаи кога за тоа има потреба. Во училиштето нема закани, говор на омраза, провокации, навреди и/или пишани графити со навредлива сорджина кон ученици, наставници или припадници на други етнички заедници.

Училиштето има формирано Ученичка заедница во која членовите се избрани на демократски начин.Ученичката заедница има програма за работа која е во склоп на Годишната програма за работа на училиштето. Партиципацијата на учениците во целокупниот живот во училиштето задоволува и нивната активност се сведува на организација на хуманитарни акции, ораторство на свои сопствени текстови за актуелната состојба во општеството и за универзалните човекови вредности, организација на предновогодишна забава, на матурска забава, матурско табло, организација на екскурзија организирање на еко-акции, хуманитарни акции во училиштето и многу други активности поврзани со настани организирани на локално и регионално ниво.

### 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето се грижи за постигањата на сите ученици. Најголем број од наставниците и раководниот орган креираат успешна средина за учење и ги поттикнуваат учениците на повисоки постигањата во наставата и воннаставните активности, редовноста и поведението. Учениците имаат високи очекувања од самите себе и од другите за повисоки постигнувања на ниво на училиштето и афирмација на училиштето преку учество на напревари и културни настани. Голем број од наставниците го користат пофалувањето како начин на мотивирање.

Училиштето има изградено систем на вредности и превзеема активности за промовирање на личните постигања на учениците во рамки на училиштето, во локална средина и пошироко во општината. За таа цел се истакнуваат лични изработки и творби на учениците во училниците и во ходниците на училиштето. Учениците имаат можности (согласно со своите способности и интереси) да ги изразат своите креативни потенцијали во воннаставните активности. Групните и поединечните постигања на учениците се промовираат на манифестацијата при одбележување на патрониот празник на училиштето (9.03.), преку локални медиуми, web-страната на училиштето,facebook страната на училиштето и издавање на училиштен билтен во којконтинурано се бележат ученичките постигања и активностите од наставата и воннаставните активности. Училиштето секоја година спроведува постапка за избор на ученик на генерацијата кој се избра според Правилник за избор на ученик на генерацијата и истите добиваат диплома и пригодни награди. Училиштето има политика на поттикнување на учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално, државно и меѓународно ниво.Училиштето има развиен систем на наградување на учениците кои постигнале успех, но не и за наставниците кои го помогнале тоа во сите области преку кои го промовирале училиштето. Учениците кои имаат освоено награди, училиштето ги пофалува јавно, доделува дипломи, благодарници и ги наградува со книги, енциклопедии. Резултатите од постигањата на учениците се евидентираат во полугодишниот и годишниот извештај.

### 5.3. Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето преку реализирање на програмата Образование за животни вештини на

часот на одделенската заедница како и прекупредавања, работилници и други активности ги запознава учениците со правата на децата и ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права. Најголемиот број од учениците и родители сметаат дека училиштето ги практикува и ги заштитува правата на децата.

Сите вработени правично и со почит се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и нивните способности. Училиштето во сите свои пишани документи планира активности во насока на промовирање на еднаквоста и правичноста како темелни вредности. Голем број ученици знаат како да препознаат и како да се справуваат со прашања поврзани со дискриминација, предрасуди, кумуникација, толеранција во рамки на училиштето и заедницата.

Училиштето преку своите програмски документи ги промовира и практикува половата, етничката, културната и верската разновидност во училиштето и во заедницата и нивно заемно прифаќање. Училиштето редовно и успешно спроведува самостојни наставни и воннаставни активности во училиштето и пошироката заеднивца каде учениците имаат можност дасе запознаваат со културата, верата и традициите и на другите етнички заедници кои живеат во нашата земја без оглед на која етничка група ѝ припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата.

### 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Училиштето презема активности во насока да ги поттикне родителите да се вклучат повеќе во подобрување на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. Родителите во работата на училиштето се вклучени преку Советот на родители и Училишниот одбор. Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите. Задолжително се одржуваат по две родителски средби во прво полугодие и три родителски средби во второ полугодие. Училиштето е отворено за соработка со родителите и секој работен ден. Најголемиот број родители се задоволни од кумуникацијата со раководниот и наставниот кадар и остваруваат комуникацијата во било кое време. Родителите ги избираат своите претставници во Советот на родители и во Училишниот одбор преку домократски процедури пропишани во Статутот на училиштето и Деловникот за работа на Советот на родители. Советот на родители во рамките на своите законски обврски ги разгледува годишната програма, годишниот извештај, самоевалуацијата, развојниот план и понудите за изведување на ученички екскурзии. Родителите активно се вклучени во организирање на работилници, предавања, прослави, хуманитарни акции и други активности. Родителите се запознаени со Програмата за работа на училиштето, со правата и обврските на учениците на родителската средба која се организира на почетокот на учебната година и преку информативната брошура за родители. Родителите секогаш се чувствуваат пријатно и се добредојдени во училиштето.

Училиштето активно е вклучено во животот на локалната заедница и соработката со локалната самоуправа и други установи на локално ниво е добра. Учествува во одбележувањето на значајни настани, манифестации, активности од еколошката програма организирани во рамките на општинатаактивности од еколошка природа, учествао на натперевари во организација„Trash fasion“преку изработка на модни креации од материјали за реупотреба; погдотовка на платнени торби како замена на пластични кеси, подготовка на постери и флаери за подигање на еколошката свест во училиштето и заедницата. Училиштето соработува со училиштата од општината и од соседните општини преку организирање на заеднички активности, меѓуопштински и спортски натпревари и други активности.

Училиштето во соработка со родителите превзема активности за волонтерското вклучување на учениците во активностите на заедницата и спроведува вклучување на учениците во разни активности: хуманитарни акции и заедничка поддршка на семејства од социјален ризик како и бесплатни екскурзии за ученици од социјален ризик.Училиштето промовира мултиетничка интеграција и инклузивност во поширoката средина.

Училиштето има добра соработка со институциите на локалната заедница. Соработува со општинските основни училишта, Дом на култура и градсгка библиотека „Бранд Петрушев“, Народен музеј, ЈОУДГ „Коста Поп-Ристов Делчев“-Богданци, „Здравен дом“-Богданци“, „Меѓуопштински центар за социјална работа“-Гевгелија, „МВР“-Гевгелија, „Општа болница со проширена дејност“-Гевгелија, „Агенција за вработување“.Училиштето остварува добра соработка и со невладини организации.

Училиштето остварува партнерска соработка со субјекти од деловната заедницаод локално и регионално ниво преку потпишување на меморандуми за соработка, потпишување на договори за реализирање на практичната настава и феријалната практика по поедини струки и занимања.Соработката со деловната заедница е една од приоритетните цели и училиштето во континуитет гради партнерски однос со :„Ројал медика“ Богданци, „Бреботекс“ Богданци, „Десива транспорт“ Богданци, „Алфа проект“ Гевгелија , „Еуро-ИНГ“ Гевгелија, „Џокер- транспорт“ Фурка, ЕВН-Гевгелија, „АБА Пеливанов“ Богданци, „Шимов Транспорт“ Богданци, „Ноел плус“-Стојаково, „Меркјури“ Гевгелија, „Мансаед“ Гевгелија ,„Интер Шипинг“ Богданци, „Лука –софт“ Гевгелија, „Дока текстил “ Валандовои други стопански организации кои се од интерес за реализација на практичната настава и стекнување на практични вештини и работни навики кај учениците.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

Средното општинското училиште „Богданци“- Богданци се наоѓа во центарот на градот Богданци во непосредна близина на градскиот парк и претставува институција од воспитено-образовен карактер со задолжително средно гимназиско и стручно образование. Воспитно-образовната дејност се реализира во пространа училишна зграда во која наставата се изведува од прва до четврта година.

Училишниот простор во целост ги исполнува условите за работа за учениците, наставниците и другите вработени.Според условите за работа и просторните услови СОУ„Богданци“ Богданци обезбедува обезбедува прифаќање на учениците од општина Богданци, општина Гевгелија, општина Валандово и општина Дојрани во него учат 329 ученици од прва до четврта година и наставата се реализира во една смена. Според националниот состав 309 ученика се од македонска националност,6 ученика се срби, 9 ученика се турци, 4 ученика се албанци и 1 ученик е ром.Училишната зграда располага со вкупна површина од 1988 м2 и се состои од стар дел изграден во 1926 година и нов дел во изграден во 1962 година. Располага со осум училници, четиринаесет кабинети, четири административни простории, библиотека, просторија за техничкиот персонал, помошна просторија, магацински простор, котлара. Училиштето располага со отворено спортско игралиште од 395м2 за одржување на настава по Спорт и спортски активности, кое има специјална подлога за играње кошарка и спортска сала со површина од 650м2со помошна посторија за спортски реквизити, соблекувални и посебни санитарни јазли за наставници и ученици сместени во училишната зграда. На влезот од училишната

зграда како и во внатрешноста на зградата поставена е пристапна рампа за ученици со телесни пречки во развојот, но училиштето нема приспособени тоалети за учениците со телесен ивалидитет.

Училиштето и спорските терени се целосно оградени, а дворот е естетски хортикултурно уреден со големи зелени површини со вкупна површина од 3160 м2.

Во текот на последните три учебни година во училиштето извршило набавка на нова ИКТ опрема и тоа: 74 компјутери за осовременување на наставата, 8 андроид телевизори, 16 смарт табли, 20 веб камери и сет слушалки за реализирање на настава од далечина, хортикултурно уредување на училишниот двор со парк во кој е поставена нова урбана опрема, направена е отворена училница уредена со нискостеблести дрвца и зелена површина, училишен летниковец, обновен е дел од училишниот двор со нови бекатон плочки, како и поставување на нова ограда, замена на стара столарија со нова пвц столарија во тоалетите и во дел од училниците, обезмедени се нови мијалници во тоалетите, набавка на нови атхитектонски табли за цртање, шлемови и заштитна опрема за учениците од градежната струка, опремен е инвентарот во кабинетите од градежната, здравствената, и електротехничката струка, комплетно е опремен кабинетот за практична настава во здравствената струка, доопрема на кабинетот по практична настава од текстилно кожарсјката струка со нови работни површини, нови машини , плакари, и бироа, набавка на нови уреди и компоненти за потребите на практичната настава од електротехничка струка, набавени се нови печатачи, професионален фотокопир, дигитална клавијатура, доопремени се административните канцеларии со нов канцелариски мебел, уредена е наставничката кацеларија со нов под и мебел, поставени се нови вариолајт завеси во цело училиште со вкупна површина од 250м2, набавени се четири нови инвертер клими за потебите на училиштето, збогатена е училишната библиотека со нови книги, направена е комплетна реконструкција на кошаркарското игралиште со поставување на нов спортски под и нови кошеви, поставен е нов под во училниците со вкупна површина од 700м2 како и варосување на сите училници и простории во училиштето. Училиштето е во добра состојба редовно се инвестира и одржува инфраструктурата на училишниот објект.

Хигиената во училиштето е на високо ниво. Санитарните јазли се во доволен број според бројот на ученици, прописно поделени на машки и женски и хигиената.Затоплувањето на училиштето е со котел за парно греење на дизел гориво.

Во училштето поставени се 17 противпожарни апарати, и 9 хидранти и и истите редовно се одржувааат и сервисираат.

Училиштето е обезбедено со 20 камери за видео надзор ( внатрешен и надворешен)..

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување настава. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности.Севкупниот амбиент во кој се остварува воспитно-образовниот процес е добар.

## 6.2 Наставни средства и материјали

Опременоста на училиштето со наставни средства и други технички помагала е добра, истата има тенденција на подобрување со континуираната набавка на годишно ниво. Редовно се набавува и одржуваат наставните помагала, реквизите, средства и сето она што е потребно за реализација на практичната настава во градежно геодетската струка, здравствената струка, текстилно-кожарската струка, сообраќајната струка и електро техничката струка. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала вклучувајќи книги, аудиовизуелна и ИКТ опрема и истите ги обновува за да

соодветствуваат на современите наставни текови за реализирање на воспитно-образовниот процес. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање, истите од голем број наставници активно се користат во наставата и во учењето. Учењето, организирањето и реализирање на наставен час кај најголем број наставници е со користење на ИКТ опрема. Наставниците и учениците имаат пристап до интернет.

Училиштето е обезбедно со ИКТ опрема во сите кабинети и училници. Училиштето располага со 8 принтери, со скенер и фотокопир,8 ЛЦД телевизори,16 ЛЦД проектори, 16 смарт табли; 50 комјутери распоредени во два кабинети: кабинетот по информатика и кабинетот по електротехничка струка.На наставничкиот кадар како од теоретска настава и практична им се доделени 24 компјутери распоредени по еден копмјутер во кабинет за олеснување на планирањата и реализација на наставата,микроскопи, касетофони, спортски реквизити и други нагледни средства за успешна реализирација на наставата.

Училиштето пред почетокот на учебната година истакнува список на учебници, по донесената одлука од страна на наставниците за тоа по кој учебник ќе се изведува наставата.

Училишната библиотека располага со вкупен фонд од7500 книги од кои поголем дел се лектирни изданија за учениците од прва до четврта година 1360; стручна литература 520 книги; 38 енциклопедии, 42 лексикони, книги од Министерството за образование , литература по жанрови:детска литература, историски романи, книги- добитници на нобелова награда, книги на англиски јазик и книги во томови со вкупен број од 5620. Од вкупниот број книги со кои располага училишната библиотека 6300 книги се на македонски јазик , а 1200 книги се на други јазици. Вкупниот број на наслови на книги е 2500. Во библиотеката работи еден наставник до надополнување на полн фонд на часови. Програмата за работа на библиотеката е во состав на Годишната програма за работа на училиштето. Библиотечната евиденција се води во печатена и во електронска форма. Библиотеката има истакнато работно време од 07:00-15:00 часот.Во библиотеката работат наставници кои надополнуваат часови до полно работно време. За обновување и дополнување на книжниот фонд, посебно за лектирни изданија и речници, училиштето врши набавки во рамките на своите можности.

Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал потребен за реализација на наставните и воннаставните активности. Планирањето и снабдувањето со потрошен материјал се врши согласно планот на училиштето и во доволни количини.

Училиштето нема регистрирана реална или виртуелна компанија.

За наставата по практична настава од здравствената струка, во моментот училиштето користи простории во „Здравен дом“ Боданци, во кои училиштето инвестирало со опрема, инвентар и нагледни средства, додека за практичната настава од градежно геодетската и текстилно-кожарската струка училиштето обезбедило кабинети во училиштето со потребниот материјал, средства и опрема.

### 6.3 Обезбедување на потребен кадар

Училиштето има вработено наставници и стручни соработници за реализирање на воспитно-образовниот процес согласно Закон и норматив за наставен кадар. Раководниот орган и најголем број од наставниците се обучени за реализација на активности за меѓуетничка интеграција, антикорупција, екологијаи постои практика секоја година да се врши дисеминација на базичната обука за нововработените наставници. Наставниот процес во училиштето го реализираат вкупно 40 наставници и двајца стручни соработници. Од вкупниотброј наставници 37 наставници се со високо образование, 3 наставника се со средно образование и истите 3 наставника се несоодветни.Дел од

наставниците не се обучени за работа со деца со посебни образовни потреби.Од наставниот кадар 18 наставника се вработени на неопределено време, 22 наставника се вработени на определено работно време, од кои 3 наставника се наставнци приправници.Според полот 27 се жени, 13 се мажи, а според етничката припадност сите 40 наставника се македонци. Четири наставници од СОУ„Богданци" Богданци дополнуваат часови од други училишта во училиштето, а 1 наставник од друго училиште дополнува часови во СОУ„Богданци" Богданци.Наставниот кадар е квалификуван и е оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и воннаставните активности. Училиштето има пропишана процедура за реализација на приправничкиот стаж за наставник приправник.Со наставниците приправници работатментори согласно изготвена програма за работа на наставник приправник. Во случаи на отсуство на наставниот кадар, училиштето превзема активности за соодветна замена со цел за целосно остварување на годишниот фонд на часови.

Наставниците поседуваат квалификации и искуства стекнати низ процесот на нивно стручно оспособување. Наставниците ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи за исполнување на целите на наставата.При ангажирање на наставничкиот кадар се зема предвид соодветната квалификација согласно нормативот.Во воспитно-образовниот процес во училиштето нема вклучено лични и образовни асистенти за ученици со посебни образовни потреби.

Стручната служба на училиштето педагогот и психологот им помагаат на наставниците во организирањето на наставата, следењето на напредокот на учениците, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и советодавно работат со учениците, родителите и наставниците. За учениците со потешкотии во учењето и учениците со посебни образовни потреби стручната служба има план за следење и работа со учениците. Педагогот и психологот редовно присуствуват на состаноците со родителите и на отворен ден за родители на ниво на цело училиште. Секогаш се отворени за соработка.Помошта и подршката за работа со деца со посебно образовни потреби е добра.

Вработените го почитуваат работното време. Редовноста и извршувањето на работните задачи се контролира од страна на раководниот орган. Во случај на отсуство на некој наставник се наоѓа соодветна замена.

### 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Училиштето ги детектира потребите на наставниците за професионален развој имајќи ги во предвид професионалните компетенции за наставниците и добро го следи за професионалниот и кариерниот развој на наставниот кадар.

Во училиштето има Програма за професионален развој на наставниците, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/24 година.

Личен план за професионален развој имаат изработено голем број од наставниците и голем број од планираните активности се во согласност со планирани обуки одобрени од МОН. Училиштето на основа на личните планови ги идентификува потребите на наставниците и изготвува програма за професионален развој. Стручната служба редовно ги следи наставниците, нивните обуки, семинари и други форми на стручно усовршување и професионален развој.Добро е водењето и ажурирањето на портфолијата за професионален развој на наставниците.

Наставниците учествуваат на обуките организирани од страна на Биро за развој на образованието и други обуки и семинари одобрени од МОН. Дел од наставниците, покрај

предвидените обуки за професионален развој понудени од страна на БРО, посетуваат и други обуки и тоа најчесто он-лајн. Училиштето има добар систем за дисеминации по реализираните обуки. Училиштето води грижа за подеднакво вклучување на наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, вклучувајќи обуки за работа со ученици со посебни образовни потреби.Изборот на наставници кои учествуваат на овие обуки е транспарентен и правичен.Училиштето има внатрешни механизми за оддавање признанија на наставници кои внесуваат ефективни иновации во наставата.

### 6.5 Финансиско работење во училиштето

Управувањето, раководењето и финансиското работење во училиштето е во рамките на законските прописи. Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има донесено пишан документ-Финансиски план за 2023 г. бр. 05-321/1 од 05.12.2022г.за обезбедување на потребните средства за непречено финансиско работење на училиштето и усвоен Извештај и Завршна сметка за 2022 година со бр.01- 301/2 од 30.08.2023 г.Училиштето работи со две сметки: буџетска -903 и сопствена-787 сметка.

Училиштето има донесено План за јавни набавки со архивски број01-79/1 од 05.01.2023 година,формирано Комисија за јавни набавки и обучено лице за спроведување на јавни набавки со електронски аукции.Финансиското работење и завршните сметки се контролираат од страна на Училишниот одбор и на крајот од секоја календарска година добива извештај за финансиското работење и активности за финансиската состојба на училиштето.

Финансиските средства обезбедени од општината ги задоволуваат основните потреби за функционирање училиштето. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето, предвидувајќи и финансиски средства за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост, како и средства за реализација на активностите предвидени во програмата на ученичката заедница. Училиштето добива финансиски средства од буџетот на Република Северна Македонија и основачот и редовно известува за приходите и расходите и наменското трошење на средствата.

Завршните сметки се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор и се предлагаат на усвојување до Совет на општината.Буџетот се користи наменски за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, безбедни и пријатни услови за работа и престој во училиштето, подобрување на постигањата на учениците како и развој на училиштето во целина.Финансиското работење во училиштето е добро.

## 7.УПРАВУВАЊЕ,РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

### 7.1 Управување и раководење со училиштето

Орган на управување на училиштето е Училишниот одбор кој е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето при што се води сметка за родовата и етничката структура на членовите на училишниот одбор и сите членови на Училишниот одбор се со важечки мандати. За регулирање на својата работа Училишниот одбор има донесено Деловник за работаарх.бр. 01-343/1 од 13.09.2023 година година во

кој е пропишан начинот на работење, повикувањето на состаноци, присуството на членовите на одборот и други обврски. Училишниот одбор обезбедува редовни, детални информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. Работата на Училишниот одбор е транспарентна за поголем дел од вработените, родителите и учениците кога се донесуваат одлуки од интерес за учениците.Училиштето обезбедува обука за членовите на училишниот одбор заради успешно извршување на улогата на управување. Училишниот одбор е вклучен и учествува во креирањето училишни политики за еколошка едукација и води политики во кои се афирмира на инклузивноста на училиштето, меѓуетничката интеграција и граѓански активизам.

Во оваа наставна година до денот на надзорот одржани се голем број состаноци на Училишниот одбор кои се рализирани во согласност со Програмата за работа на УО и тековните активности кои произлегуваат од законските обврски на УО. Надлежностите на Училишниот одбор се јасно дефинирани во Статутот на училиштето. Членовите на Училишниот одбор се запознаени со Развојниот план на училиштето. Училшниот одбор ја разледал и предложил Годишната програма за работа на училиштето со дел. бр.01-302/2 од 30.08.2023 година до Совет на Општина Богданци во која се застапени конкретните цели за тековната година.Работата на Училишниот одбор е добра. Училишниот одбор има добра соработка со раководниот орган. Училишниот одбор ја одразува социјалната и културната средина во која се наоѓа училиштето преку спроведување на хуманитарни акции и активности за промовирање на училиштето преку манифестации, традициите, и природните реткости во општината и пошироко.

Членовите на училишниот одбор се добро запознати со законските и подзаконските акти согласно Законот за средно образование. Училиштето има Статут бр.01-217/1 од 20.05 2019 г. за кој има добиено согласностод Министерство за образование и наука.

Директорот на училиштето е именуван за директор со втор мандат со Решение за директор бр.04-1242/1од 08.06.2022г.од градоначалник на Општина Богданци. Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените, нивниот придонес во тимската работа, донесува одговорни одлуки, има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, ги имплементира промените во образовниот систем, се фокусира на приоритетите идентификувани во развојниот план, редовно се самоевалуира, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрување на условите за работа, воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница и склучува партнерства со други училишта.

Во Програмата за развој на училиштето со бр.03-246/1 од 26.08.2020 година јасно се зацртани визијата и мисијата на училиштето и јасно се определени целите и задачите и приоритетите за развој по години. Во својот период на раководење директорот превзема активности за подобрување на условите за работа во училиштето. Раководниот орган има компетенции за тимска работа и тоа го практикува при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет.

Најголемиот број на субјекти кои се заинтересирани за работата во училиштето се изјаснија дека училиштето во континуитет е многу добро раководено и дека соработуваат со директорот. Директорот своето работење го заснова на тимска работа со вклучување на поголем дел од вработените. Директорот има поддршка и добра соработка со најголем број од наставниците, стручните соработници, родителите, учениците и локалната заедница.

Управувањето и раководењето во училиштето е добро.

### 7.2 Цели и креирање на училишна политика

Мисијата и визијата на училиштето ја одразуваат државната и локалната образовна политика. Тие се прецизни, јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, поддршка на активностите за инклузија, меѓуетничка интеграција и младинско учество, професионален развој на наставниците и унапредување на постигнувањата на сите ученици.

Целите на државната политика училиштето ги има имплементирано во годишната програма за работа и програмата за развој. Образовната политика и во двата документи се креира по насоките дадени од страна на Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука. Училиштето ги информира наставниците и родителите преку формалните органи за поставените цели, динамиката за нивно реализирање и постигнатите резултати и извештаи од работењето на училиштето и сите наставницисе подеднакво вклучени во тимовите за реализација на училишната политика. Во реализацијата на целите вклучена е и локалната заедница. Ангажираноста на Советот на родители во креирањето на развојната политика е на завидно ниво. Родителите се запознати со целите на училиштето и се вклучени во нивната реализација.

Наставниците потенцираа дека имаат добра, плодна поддршка од стручните соработници.

Приоритетите во училиштето се планираат врз основа на објективна анализа на состојбата на училиштето содржано во самоевалуацијата на работата во претходните две учебни година. Програмата за развој на училиштето ги содржи јасно дефинираните приоритети од самоевалуација на училиштето во развојни цели, конкретни цели и активности за постигање на поставените цели во определена временска рамка. Развојните цели се дефинирани во Годишната програма за работа на училиштето и ги отсликуваат мисијата и визијата на училиштето. Со Програмата за развој и динамиката на реализација запознаени се родителите и учениците преку ученичката заедница.

Училиштето има изработено Самоевалуација година за учебните 2020/21 и 2021/22 години, во која се забележани јаките страни во работењето, но и слабите страни кои треба во иднина да се подобруваат.

Развојните цели се дефинирани во Годишната програма за работа на училиштето и ги отсликуваат мисијата и визијата на училиштето.

Зацртаните цели во развојниот план, училиштето во целост ги реализирало.

Училиштето потребите за усовршување на наставниот кадар ги идентификува преку процедура на договарање на стручните активи, наставнички совет. Има подготвено акт-Програма за стручно усовршување на вработените која е во состав на Годишната програма за работа. Остварувањето на програмата зависи од обемот на финансиски средства кои се обезбедуваат за таа намена. Во училиштето се врши дисеминација на стекнатото знаење.

Училиштето ги идентификува потребите од материјално технички средства и ги обезбедува во зависност од финансиските можности. Директорот на училиштето ги познава законските прописи за јавните набавки. Во училиштето има лице со сертификат за јавни набавки кое заедно со комисијата и помош од директорот ги спроведуваат јавните набавки во училиштето.Јавните набавки за обезбедување на хигенски средства, канцелариски материјал, градежен материјал, помошен материјал, систематски и санитарни прегледи, превоз и други средства за реализација на настава ја спроведува училиштето согласно годишниот план за јавни набавки за 2023 година.

Директорот на училиштето го спроведува проектот за Гранд од Фондот за регионален предизвик, финансиран од WB 6 програмата со кој е потикната соработката помеѓу училиштето и бизнис секторот. Бенифитот од проектот е осовременување на практичната настава со најсовремена медицинска опрема и нагледни средства за

медицинска ртука, опремување на една училница со компјутери и комјутерска опрема, образовни софтвери за сообраќајна струка , програми за учење со витруелна реалност и 3 Д модели за стручно образование, дизајнирани според потребите на новите тренинг програми за дуално образобвание, обуки на наставниците и менторите од компаниите и набавка на стручна опрема за учениците во градежна и сообраќајна струка . Вредноста на проектот е 400.000 евра за училиштето и компаниите со којшто училиштето има формирано конзорциум.

Училиштето има план за обезбедување на нагледни средства. Со финансискиот план од редовната сметка планира средства за оспособување и ставање во функција нагледни средства кои се нефункционални со што би го подобрил квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина.

Креирањето на училишната политика е добро.

# 8.НАОДИ И ПРЕПОРАКИ

## 8.1.Силни страни

- ✓ Безбедна, инспиративна, мотиврачка и творечка средина за изведување настава, учење, дружење престој и постигнување успеси;
- ✓ Оптимална искористеност на просторните капацитети, ИКТ-опрема и нагледни средства која во континуитет се осовременува за реализација на наставни и воннаставни активности;
- ✓ Високо ниво на одржување на внатрешноста на училиштето и висок степен на хигиена во училишната зграда;
- ✓ Неселективен и подеднаков однос на наставниците спрема учениците во процесот на наставата без разлика на половата, етничката и социјалната припадност.
- ✓ Добро раководење, управување и финансиско работење на училиштето кое се темели на плодна соработка со органите на училиштето, општината, граѓаннскиот сектор и МОН;
- ✓ Училиштето прави добра анализа на пазарот на трудот за можност за воведување на нови струки атрактивни за учениците;
- ✓ Добра училишна клима и односи во училиштето, професионална соработка меѓу вработените и високо ниво на почитување меѓу учениците, наставниците и родителите;
- ✓ Училиштето остварува добра соработка со локалната и деловната заедница преку добро организирани активности и учествува во спроведување на заеднички проекти со деловната заедница за осовременување на практичната настава.
- ✓ Добри постигања на учениците;
- ✓ Одлично опремени кабинети за теоретска и практична настава.

## 8.2.Слаби страни

- ✓ Училиштето не остварува заедничка соработка за реализација на заеднички активности од проектот„Меѓуетничка интеграција во образованието“ со партнер училиштето;
- ✓ Задоцнето информирање на учениците при избор на занимањето, за понатамошно образование,доусовршување или вработување;
- ✓ Училиштето не остварува соработка со Ресурсни центри во обезбедување грижа за учениците со пречки во развојот;

- ✓ Училиштето не располага со прилагоден тоалет за учениците со физичка попреченост.

## 8.3.Препораки

- ✓ Да се обнови соработката со партнер училиштето за реализација на заеднички активности од проектот “ Меѓуетничка интеграција во образованието“;
- ✓ Да се спроведува редовното и навремено информирање на учениците при избор на занимање, за понатамошно образование, доусовршување или вработување;
- ✓ Да се оствари соработка со Ресурсен центар во обезбедување на грижа за учениците со пречки во развојот;
- ✓ Училиштето да направи прилагоден тоалет за ученици си физичка попреченост.

| | |
|---|---|
| Драган Бојмалиев-раководител на инспекцискиот тим | |
| Ѓорге Здравев-членна инспекцискиот тим | |
| ЃоргиМитров-членна инспекцискиот тим | |